РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

До:
Политичка партија Левица

За:
претседател

**Предмет: Одговор на претставка**

Почитуван,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги откако ја разгледа Вашата претставка со забелешки и правно мислење бр.ИП-219/25 од 25.09.2025 г. (наш арх.бр.01-4091/3 од 25.9.2025 г.), по повод Нацрт – Упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025 година, го дава следниот одговор:

Изборниот законик во членот 75-ѓ став 1 децидно ја пропишува распределбата на времето за платено политичко рекламирање.

*„За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно девет минути и триесет секунди дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор, за двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор, за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група можат да одвојат една минута која се распределува по претходен писмен договор и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати можат да одвојат триесет секунди кои се распределуваат по претходен писмен договор.“*

Имајќи предвид дека со упатството како подзаконски акт, Агенцијата единствено може да го пропише начинот на постапување во извршувањето на одредбата од член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик (ИЗ), во точката 3 од Нацрт – Упатството за радиодифузерите за локалните избори 2025, само се појаснува начинот на примена на цитираната одредба од ИЗ.

Оттука, одредбата содржана во точка 3 алинеи 1 и 2 од Нацрт-Упатството за радиодифузерите за локалните избори 2025 година, произлегува и е условена од законското решение содржано во член 75-ѓ став 1 од ИЗ.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Имено, постојната формулација на член 75-ѓ став 1, е таква што зборовите „може“ и „најмногу“, на кои реферира Политичката партија Левица, се однесуваат на времето од 4 минути ППР, а не на бројот на политички субјекти што можат да го користат ова време. Бројот на политички субјекти е јасно ограничен и прецизиран на двете најголеми политички партии.

Со оспоруваниот акт, Агенцијата не може да излезе од рамките на ИЗ, ниту пак да даде поголеми права од она што во него е пропишано или пак да пропише поинаку отколку Законикот, во услови кога бројот на минутите за ППР и нивната распределбата се децидно пропишани. Впрочем, претходно наведеното го потврдувате и самите Вие во претставка (во точката II.), каде наведувате дека „Агенцијата има законско право само да појаснува и операционализира одредби од ИЗ, а нема право да законотвори“. Меѓутоа, во однос на овој неспорен факт - дека Агенцијата не е законодавец, сте контрадикторни во зависност од тоа дали Ви оди во прилог, па така што во делот од претставката кој се однесува на точката 3 од Нацрт - Упатството овој факт го оспорувате, а во однос на точката 10 го прифаќате па дури и го апострофирате.

Поврзано со точката 3 од Нацрт - Упатството, која се однесува на распределбата на времето за платено политичко рекламирање, Агенцијата се согласува со Политичката партија Левица, дека член 75-ѓ став 1 од ИЗ не обезбедува фер услови за пристап до медиумите на сите учесници во изборна кампања и повеќепати досега и јавно и преку учества во работните групи за измена на ИЗ потенцирала дека е нужно таа да се измени.

Меѓутоа, имајќи предвид дека законското решение не се измени, не се прифаќаат наводите содржани во доставената Претставка и предложениот начин да се преформулира точката 3 алинеите 1 и 2 од Нацрт - Упатството, затоа што со нивно прифаќање Агенцијата ќе го надмине своето законско право - да појаснува и операционализира одредби од ИЗ, ставајќи се во улога на законодавец.

Во поглед на одредбата од точка 10 од Нацрт-Упатството, која е оспорена со поднесената Претставка, Агенцијата Ви посочува дека таа произлегува од практиката од претходните изборни циклуси. Имено, учесниците во изборна кампања досега нарачувале да се емитува платено политичко рекламирање кое се однесувало на други политички субјекти, и во некои случаи тоа биле спотови со кои ја популаризирале својата поддршка за други подносители на листи. Согласно член 72 став 3 од ИЗ учесниците во изборната кампања се одговорни за содржината на рекламите чиј нарачател се. Агенцијата постапува во однос на содржината на ППР само во случаите кога се прекршуваат законските забрани за ширење дискриминација и говор на омраза и за непочитување на човековото достоинство.

Интенцијата на Агенцијата беше со оспорувaната точка 10 од Нацрт-Упатството, токму да се создадат услови за оневозможување евентуална злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања, на што се укажува во поднесената Претставка. Имено, со оваа одредба се создава прегледност/јасност за тоа кој ќе ја плати емитуваната реклама во случај кога еден субјект се јавува како нарачател на рекламирањето, а содржината на емитуваната реклама се однесува на друг учесник во изборната кампања. Поради наведеното, предлогот за бришење на точката 10 од Нацрт – Упатството не се прифаќа.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран Трајчевски**